# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА И АКТИВНОСТИТЕ НА МЕЃУНАРОДНОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ „КУЛТУРНО ЕХО“ - СКОПЈЕ

01.01.2022 - 31.12.2022

Во 2022 г., членовите на „Културно Ехо“ продолжија активно да делуваат во полето на независната култура и одржливиот урбан развој, спроведувајќи активности во согласност со работната програма и стратешките определби на организацијата.

## Продолжување на иницијативи: „Купром “ и „Сала Партизан“

Како продолжение на своите заложби за ревитализација и пренамена на напуштената фабрика „Купром“, на самиот почеток на годината (12.01.2022 г.), Здружението се состана со неколку претставници од Советот и Кабинетот на Градоначалникот на Град Скопје за да ги дискутира можностите за понатамошна соработка со локалната самоуправа. На состанокот од Културно Ехо присуствуваа Симона Димковска и Кристијан Караџовски. Предлогот изнесен од претседателката беше апликацијата на Скопје за Град на културата 2028 година да се зајакне преку ревитализација на напуштената фабрика „Купром“ во студентски град и младински центар кој би понудил разновидна културна програма. Покрај тоа што може да ја поддржи кандидатурата, иницијативата за ревитализација на „Купром“ за културни цели е во согласност и со Стратегијата на Град Скопје за 2020-2030 г., како и Локалниот еколошки акционен план - ЛЕАП за 2020-2026 г., кој овој простор го мапира како можна локација за Браунфилд инвестиција на ниво на Град Скопје.Иницијативата за ревитализација на Купром за културни цели  е во согласност и со документот Стратегија на Град Скопје од 2020 до 2030 година.

Претставниците на Градот објаснија дека следните чекори се физибилити студија, изнаоѓање средства за експропријација и проценка на вредноста на стечајната маса, а се дискутираше и за  поднесената  иницијатива во 2021 за промена на Генералниот урбанистички план. Се дојде до заклучок дека има можност за намена В во ГУП и нема пречка за наменска зона јавно ако е во рамки на 4 %. Експропријација на објектите треба да покрене Владата преку министерства за образование и култура, тоа значи Културно Ехо дека треба да се обрати до Влада а Владата да се обрати до град Скопје за промена на ГУП. Најпрво треба се ова да помине на совет на град Скопје и сите сектори да се изјаснат. Треба да се најдат средства за

експропријација и да се плати проценител кој ќе ја процени вредноста на стечајната маса. Следен состанок во град Скопје да биде за физибилити студија.

За истата цел, на 17.01.2022 г. „Културно Ехо“ се состана и со новиот градоначалник на Општина Ѓорче Петров и му ги претстави активностите кои досега биле преземени за да се поддржи пренамената на фабриката „Купром“ во јавен простор, по што беше договорено дека понатамошните чекори ќе се утврдат по состанокот помеѓу градоначалникот и раководителот на секторот за урбанизам при општината.

Во текот на месец Јануари, претседателката на Културно Ехо учествуваше на 10 тата седница на Управниот одбор на НМСМ, на која се дискутираше и за критериумите за членство во регистарот на членки на АМС, како и за состанок со Надзорен одбор на НМСМ во кој членува Симона Димковска.

Спортската сала „Наум Наумовски - Борче“ беше вратена под владение на државата и градежните активности за нејзина ревитализација започнаа во текот на 2022 г. На 28.01.2022 г., „Културно Ехо“ учествуваше во работилницата за јавно-цивилно партнерство што се одржа во културно-социјалниот простор „Центар - Јадро“, основан од страна на Асоцијацијата на независната културна сцена „Јадро“, како успешен пример за овој модел на управување. Целта на работилницата беше да ги здружи заинтересираните страни кои би го примениле истиот модел во управувањето со спортската сала „Наум Наумовски - Борче“. Оттука, покрај Симона Димковска и Кристијан Караџовски, во работилницата учествуваа и претставници од Стрелачката асоцијација на Македонија и Здружението на спортски ветерани. Откако моделот беше детално објаснет од претставници на КСП „Центар - Јадро“, беше утврдена и стратегија за обнова на спортската програма на салата. Членовите на „Културно Ехо“ беа дополнително обучени на истата тема преку менторска сесија со здруженијата „Кооператива“ и „Рег лаб“ на 13.02.2022 г. Во текот на април одржаа уште неколку координативни состаноци со спортските здруженија за да им помогнат при формирање на мрежата која би била дел од јавно-цивилното партнерство.

На 01.02.2022 се оддржа состанок на Надзорен обор на НМСМ, на кој се утврди потребата од правилник за работа и се договори разгледување на извештаите од управен одбор. Следниот состанок на  Надзорен обор на НМСМ се оддржа на 8 февруари, на кој се донесе деловник за работа на одборот, се гласаше претседател и едногласно беше одбрана Симона, се дискутираше за извештаите од управен одбор и листа на вработени и се договори да се изработи извештај од надзорниот одбор.

Во координација со Јадро, на 11.02.2022 се оддржа онлајн состанок со претстаници на Анибар од Косово за енгејџ програмто на Рег Лаб, за аплицирање заеднички проект со Културно Ехо, документарен филм за нови простори за култура.

На 2 февруари, Симона Димковска гостуваше во подкаст на Дино Чупевски во организација на здружението Атриум, на кој ги презентираше досегашните активности на Културно Ехо и идните планови. А на 4 февруари, Симона како претставник на Културно Ехо започна со 5 месечна менторска обука, преку регионалната мрежа Кооператива и нивниот програм Рег Лаб, со менторката Мирела Травар од Операција Град, со големо искуство во независниот културен и младинскиот сектор. Паралелно се работеше на драфт верзија за елаборат за заштита на објектот Месна заедница заедно со Ситископ.

На 21.02.2022 г., во организација на иницијативата Зелен хуман град, „Културно Ехо“ одржа состанок и со Градочаналничката на град Скопје, г-а Данела Арсовска. Целта на состанокот беше да се претстави иницијативата за пренамена на напуштената фабрика „Купром“ за да се обезбедат средства за студија за браунфилд инвестиција преку ребаланс на годинешниот буџет. Заклучокот од состанокот беше Културно Ехо да достави писмено барање и градот да одговори на иницијативата. Месецот февруари заврши со прва индивидуална менторска сесија на која се договори принципот и начинот а работа за времетраењето на менторскиот процес.

## Други активности

Во почетокот на Март, 2022 г., „Културно Ехо“ се работеше на наративен и финансиски извештај и поднесување на завршна сметка за 2021 година за работата на здружението. На 11 март се одржа собрание на здружението и прослава на 4 г роденден, беа изгласани членови на управен одбор и документите и извештаите од минатата година а се дискутираше и за програма за 2022 година. Симона беше дел од работилницата за партиципативна уметност во организација на КСП „Центар - Јадро“ (која се оддржа 16-21.03.2022 г.) и учествуваше на конференцијата организирана од Центарот за нови иницијативи во уметноста и културата „Локомотива“ (23-24.03.2021 г.) , а тема зачувување на простори преку културно наследство и уметност. Имаше можност да се запознае со формални и неформални здруженија и индивидуалци од Балканот и Европа кои работат на ревитализација на простори за културни намени и млади.

Во текот на април, 2022 г. Здружението одржа неколку состаноци со претставници од универзитетот Фонтис од Холандија и Берлинскиот универзитет за да организира студиска посета на Скопје за магистранти и стручни лица од обласа на уметноста, архитектурата и урбанизмот. Студиската посета, чиј домаќин беше „Културно Ехо“, се одржа на 11.05.2022 г. и вклучуваше локации од интерес на посетителите, меѓу кои и напуштените објекти со кои се занимава организацијата (фабриката „Купром“, месната заедница во Тафталиџе и спортската сала „Наум Наумовски - Борче“), како и функционални објекти изградени во препознатливиот стил на брутализмот (Архивот на Град Скопје и студентскиот дом „Гоце Делчев“). Кон

крајот на Април, заедно со Ситископ се подготви и апликација за повикот од Јадро за партиципативна уметност, паралело течеше и менторскиот процес кој продожи  и во Мај. Културно Ехо учествуваше на пролетното генералното собрание на НМСМ оддржано на 27 и 28 мај.

Од 15ти до 18ти Јуни, во Белград се оддржаа завршните евалуации од менторските сесии и се посетија неколку ревитализирано простори за независна култура и млади, со кои се отвори можност за идна соработка.

## Нови проекти

Втората половина од 2022 г. „Културно Ехо“ му ја посвети на новиот Генерален урбанистички план (ГУП) на градот Скопје, кој треба да се усвои наредната година и да важи сѐ до 2033 г. За да ја подигне свеста кај граѓаните за овој важен документ и да се осврне на недоволната вклученост на јавноста во неговата изработка, „Културно Ехо“ повторно ги здружи силите со организацијата „Сити Скоп“, со која во 2020 г. склучи партнерство во рамките на проектот „Од напуштена фабрика до студентски град“, при што беше спроведено истражување за минатото, сегашноста и иднината на објектот Купром, а резултатите беа претставени во публикација промовирана со јавна дискусија.

Овој пат, двете здруженија заеднички го осмислија и го спроведоа проектот „Создаваме град, градиме иднина“ поддржан од Фондацијата „Отворено општество“ - Македонија, во соработка со културно-социјалниот простор „Центар - Јадро“. Целта на проектот беше да го покрене прашањето за новиот ГУП во јавноста преку три главни активности:

1. Документарен филм за развојот на градот по земјотресот со осврт на четири критични локации (Расадникот во Кисела Вода, фабриката „Купром“ во Хром, проектот „Гранд“ на паркингот спроти „Холидеј Ин“ и спортската сала „Наум Наумовски - Борче“);
2. Мултимедијален перформанс (прикажување на делови од филмот проследени со сценски настап);
3. Дебата и интерактивна работилница за ГУП.

Претпродукцијата за документарниот филм траеше од 3.6,2022 до 15.08.2022 г. и подразбираше изработка на сценариото со театарски и филмски режисер, истражување на избраните локации и на поврзаните архивски снимки и ангажирање на снимачката екипа. Филмот беше снимен во периодот од 15-21.08.2022 г., а од 21-31.08.2022 г. следеше неговата постпродукција (монтажа на снимките, снимање на нарација и сл.).

Паралелно со изработката на документарниот филм, од 21.08 - 17.09.2022 г., во соработка со театарски и филмски режисер беше подготвен и перформансот што требаше да се изведува во придружба на проекцијата. Перформансот се состоеше од

три монолози изведени од Симона Димковска, претседателка на „Културно Ехо“ и актерка во велешкиот театар „Јордан Хаџи Константинов - Џинот“.

Во првиот монолог, Симона ја претстави локалната власт, како раководител на секторот за урбанизам во о. Кисела Вода кој ги поттикнува граѓаните да учествуваат со свои предлози во меѓународниот конкурс за идејно урбанистичко-архитектонско решение за градската четврт Ј14 (ДУП Расадник) распишан на 12.07.2022 г. Во вториот монолог, Симона ја претстави градежната индустрија, како инвеститор во комплексот „Гранд“ спроти „Холидеј Ин“ кој го рекламира убавиот поглед и луксузниот ентериер на кулите, без да се осврне на долготрајните последици врз животната средина што ќе ги има оваа градба. Конечно, во третиот монолог, Симона се претстави себеси како дел од активистите за независна култура и животна средина, зборувајќи за работата на „Културно Ехо“ и успешната приказна со спортската сала „Наум Наумовски - Борче“, која под притисок на организацијата беше вратена во државна сопственост и треба да биде ревитализирана до крајот на 2023 г.

Откако сите содржини беа подготвени, програмата на настанот „Создаваме град, градиме иднина“ го доби својот конечен облик:

1. Проекција на интерактивен документарен филм кој обработува повеќе локации од важечкиот ГУП (од 2012 до 2022 година).
2. Работилница на тема: Што претставува ГУП и зашто е важен? Инволвирање на граѓаните и интеракција за нови идеи и предлози во насока на планирањето на градот во пишана форма и преку цртежи.
3. Дебата на тема „Нов ГУП, нова можност за Скопје?“

Вака осмислениот настан ја имаше својата премиера на 18.09.2022 г. во Кинотеката на Република Северна Македонија во о. Карпош (фотографии), а беше одигран и на 23.09.2022 г. во Домот на културата во о. Ѓорѓе Петров (фотографии), на 12.10.2022 г. во КСП „Центар - Јадро“ во о. Центар (фотографии), на 12.11.2022 г. во социјалниот центар „Дуња“ по повод шест години од неговото постоење (настан) и на 19.11.2022 г. во Галерија 2 на МКЦ, во рамките на Меѓународниот театарски фестивал МОТ (фотографии).

Највпечатливите ставови и мислења на граѓаните во врска со новиот ГУП, изразени преку наративни и поетски текстови и цртежи во текот на работилниците, беа изложени на Групната изложба „Места на дарежливост - трансформативни станици“ во КСП „Центар - Јадро“ која траеше од 18-24.11.2022 г. (настан) и каде што беше проектиран и документарниот филм заедно со снимка од сценскиот настап.

Настанот „Градиме град, создаваме иднина“ беше промовиран и во медиумите преку четири активности:

1. Гостување на Симона Димковска во ТВ 24 во емисијата „Студио 10“ на Огнен Јаневски (линк);

2. Интервју на проектниот тим (Симона Димковска, актерка, Стефани Караџовска, видеограф и Јана Брсакоска, архитектката која е дел од „Сити Скоп“) со Ана Голејшка - Џикова (линк);
3. Став на Јана Брсакоска („Сити Скоп“) за урбанистичкото планирање според Законот за урбанистичко планирање (линк) и на Ивона Крстеска Наумоска („Културно Ехо“) за ГУП-от како клучен фактор за создавање одржлива визија за градот (линк) објавени од Радио МОФ;
4. Интервју на Симона Димковска со Клелија Живковиќ од ПОП АП (линк).

Сите медиумски настапи, заедно со резултатите од целиот проект беа објавени во бесплатна публикација (достапна тука), чија изработка траеше од 01.10-15.12.2022 г. Тоа воедно беше и последната проектна активност на „Културно Ехо“ за 2022 г.

13.03.2022 Претседател